Самостоен синдикат за
образование, наука и култура
на Република Македонија
**- СОНК -**

Sindikata e Pavarur për
arsim, shkencë dhe kulturë
e Republikës së Maqedonisë
**- SASHK -**

**Архивски број: 08-90/2**
**Датум: 11.07.2023 г.**

Согласно член 53 од Статутот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, Советот на СОНК по извршената анализа на Предлог текстот на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, а врз основа на Констатациите и Заклучоците бр. 08-85/1 од 05.07.2023 година, на својата 21-ва редовна седница, одржана на 11.07.2023 година, едногласно ги донесе следните

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Предложениот Предлог текст на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија - ОКД, а прифаќањето од страна на Сојузот на синдикати на Македонија - ССМ, за СОНК е како таков неприфатлив.

2. Предложените проценти за зголемување на платите за 2023 година, не соодветствуваат со процентуалното услогласување на платите согласно закон односно понудените 10% се помалку од 12,55% зголемена минимална плата.

3. Уште поголемо е незадоволството што во 2024 година предложено е да нема никакво зголемување односно усогласување на плати.

4. Во овој Предлог ОКД предвидено е процентуално зголемување на платите за 10%, неводејќи сметка дека одредени дејности, како што е дејноста образование, воопшто немаат усогласување на платите со минималната плата за 2023 година, што сметаме дека е одреден вид на дискриминација.

Советот на СОНК, врз основа на донесените Заклучоци, ги донесе следните:


Самостоен синдикат за
образование, наука и култура на
Република Македонија - СОНК

Ул. „Мацир Маало" бр. 36, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3115 011
www.sonk.org.mk
sonk@sonk.org.mk

**Б А Р А Њ А**

1. Итно и без одлагање, во дејноста образование да се изврши усогласување на платите со минималната плата за 2023 година, во согласност со закон.

2. На усогласената плата, од точка 1 на овие Барања, да се додаде планираното зголемување од 10% според ОКД.

3. Континуитетот на усогласување на платите со минималната односно просечната плата, да продолжи и во 2024 година, каде како основен критериум ќе се земе инфлаторниот процент и процентот на зголемените трошоци за живот.

4. Со новите колективни договори за основно и средно образование и прилагодување на новите коефициенти според новата методологија да се земе во предвид и распонот помеѓу работните места според сегашните важечки колективни договори за основно и средно образование.

5. Прилагодувањето од еден во друг систем на плати да биде во мал транзициски период и да се примени веднаш по теркот на избраните и именувани функционери.

6. Доколку овие Барања не се договорат и потпишат во вид на документ, во најбрз можен рок, Советот на СОНК ќе отпочне процедура за подготовка за организирање на синдикални легитимни активности за остварување на своите права.

Заклучоците и Барањата од 21-та седница, СОНК ќе ги достави до Министерството за образование и наука на Република Македонија – МОН.

**Претседател,**
**Јаким Неделков**

Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија
СКОПЈЕ


Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК

Ул. „Мацир Маало“ бр. 36, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3115 011
www.sonk.org.mk
sonk@sonk.org.mk